Врз основа на член 9 од Законот за поштенските услуги ("Службен весник на Република Македонија" бр. 9/2008), Комисијата како орган на Агенцијата за пошти, на седницата одржана на ден 22.09.2009 година го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА АНАЛИЗА НА ПАЗАР НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува методологија за анализа на пазарот на поштенските услуги во Република Македонија.

## Член 2

1. Пазарот на поштенските услуги во Република Македонија сеуште не е целосно либерализиран. Целосно отварање на пазарот на поштенските услуги ќе настапи од 1.01.2012 година до кога ќе обезбедуваат резервирани поштенски услуги во рамките на универзалната поштенска услуга. Постапката за постапно укинување на резервираните поштенски услуги, ќе се одвива согласно член 31 став 5 од Законот за поштенските услуги:

2. Во процесот на либеразлизација на пазарот, Агенцијата за пошти треба да ги утврди приоритетите на поштенскиот пазар и тоа:

   - Обезбедување на универзална поштенска услуга;
   - Промовирање на конкуренција во интерес на корисникот на поштенските услуги;
   - Контрола на пазарот врз основа на издавање на дозволи и одобренија за обезбедување на поштенските услуги;

## Член 3

Регулирањето на поштенскиот пазар во Република Македонија се состои од три подрачја:

- универзална поштенска услуга со резервирана поштенска услуга, која ја обезбедува давателот на УПУ врз основа на индивидуална дозвола;
- услуги во рамките на универзалната поштенска услуга надвор од резервираната поштенска услуга, кои ги обезбедуваат даватели на поштенски услуги врз основа на стандардна дозвола; и
- услуги на слободниот поштенски пазар кои ги обезбедуваат даватели на поштенски услуги врз основа на одобрение.

**Член 4**

Правилникот за методологија на анализа на пазарот на поштенски услуги, ги дефинира:

- целите на анализата на пазарот,
- областа која е предмет на анализата на пазарот ,
- видот на потребните податоци за анализата,
- начинот на собирање на податоците,
- заклучни согледувања од извршената анализа на пазарот.

**Член 5**

1. Цел на анализата на пазарот на поштенски услуги, е да се дефинира:

- состојба на: регулативата, пазарот, давателите на услугите, корисниците, поштенската мрежа, во период од една година.
- компаративни показатели со претходниот период како и со показатели на меѓународно ниво.
- карактеристики на одредени сегменти со причини за нивен развој односно опаѓање.
- превземање на соодвени активности и мерки за понатамошен развој.

2. Анализата на пазарот на поштенските услуги ќе обезбеди податоци за развојот на поштенскиот сектор во Република Македонија, ќе ги определи учесниците во поштенскиот сектор до 2009 година и воедно ќе даде препораки за понатамошниот развој на поштенскиот пазар.

**Член 6**

1. Агенцијата за пошти во согласност со своите надлежности за создавање услови за развој на пазарот на поштенските услуги има за цел да осигура обезбедување сигурни, иновативни и ефикасни поштенски услуги, вклучувајќи ја универзалната поштенска услуга, во рамките на потребите на корисниците на конкурентен пазар.
2. Овој правилник ги содржи основните принципи согласно кои Агенцијата за пошти ќе врши дефинирање и анализа на следните области:

- имплементација на законската регулатива;
- пазарот на поштенски услуги;
- начинот на обезбедување на поштенските услуги;
- давателите на поштенски услуги;
- развој на конкуренцијата на пазарот на поштенски услуги;
- корисниците на поштенските услуги;
- компаративни анализи на домашниот пазар со останатите меѓународни и регионални пазари;

**Член 7**

Анализата на пазарот на поштенските услуги треба да ги опфати сите даватели на поштенските услуги кои обезбедуваат поштенски услуги во Република Македонија и кои треба да достават податоци за :

- обезбедување на поштенските услуги на територија на Република Македонија во зависност од обврските кои ги имаат согласно видот на дозволата за обезбедување на поштенски услуги;
- цените за обезбедување на поштенски услуги;
- квалитетот на обезбедувањето на поштенските услуги (видови на поштенски услуги, обем на поштенски услуги, достапност до поштенските услуги);
- број на вработени;
- финансиски показатели;
- употреба на нови техологии во обезбедување на поштенските услуги;
- задоволство на корисници од поштенските услуги;
- рекламациона постапка;
- пристап до јавната поштенска мрежа.

**Член 8**

Врз основа на добиените податоци Агенцијата за пошти ќе треба да направи анализа за:

- достапност до поштенските услуги на територијата на Република Македонија;
- степенот на искористеност и развој на јавната поштенска мрежа;
- развој и унапредување на поштенскиот пазар;
- развој на конкуренцијата на пазарот преку можност за учество на пазарот и на други даватели на поштенски услуги со дефинирање на бариерите за влез на пазарот;
- дефинирање дали има давател со значителa пазарна моќ;
- обврски за давател со значителa пазарна моќ;
- унапредување на законодавството;
- опсегот на контролата на цените на поштенските услуги
- опсегот на квалитетот на поштенските услуги
- заштита на интересите на корисниците на поштенските услуги

**Член 9**

1. Агенцијата за пошти преку направената анализа на пазарот ќе има согледувања и резултати во делот на:

- дефинирање на релевантен пазар, со број на даватели на поштенски услуги

- спроведување на анализа на секој релевантен пазар, со цел определување на значењето на пазарот на секој давател на поштенските услуги
- дефинирање на поштенски услуги кои се нудат на пазарот
- дефинирање на географско подрачје
- дефинирање на цената на поштенските услуги
- дефинирање на квалитетот на обезбедување на поштенските услуги
- дефинирање на степенот на задоволство на корисниците од поштенските услуги
- сегментирање и анализа на корисниците на поштенските услуги
- дефинирање на капацитетите на поштенската мрежа
- дефинирање и развој на конкуренцијата на пазарот на поштенски услуги

2. Врз основа на компаративните податоци, анализата треба да содржи заклучни согледувања за динамиката, развојот, модернизацијата и либерализација на пазарот на поштенски услуги, универзалната поштенска услуга, поштенската мрежа, квалитетот на поштенските услуги, сигурноста и безбедноста на поштенските пратки.

**Член 10**

Агенцијата за пошти, при анализата на пазарот на поштенските услуги ќе ги користи следните извори на податоци:

- расположливи податоци од давателите на поштенските услуги;
- податоци добиени од соодветни истражувања на пазарот;
- сопствени извори,
- статистички списанија, студии и извештаи, во Република Македонија и Европската комисија,
- други извори.

**Член 11**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласна табла во просториите на Агенцијата за пошти.

По влегувањето во сила, овој правилник ќе се објави на веб страната на Агенцијата за пошти.

Бр. 09- 286/5
22.09. 2009 година
Скопје,

Агенција за пошти
Комисија,
**Дејан Бошковски,претседател**